РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
Сектор за макроекономска политика



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

декември, 2016 година

## СОДРЖИНА

Резиме ....................2

I. Реален сектор

Индустриско производство ....................3

Број на работници во индустријата ....................4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ....................4

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ....................5

Инфлација ....................5

Берзански цени ....................7

2. Надворешно-трговска размена

Извоз ....................8

Увоз ....................9

Салдо на трговска размена ....................10

Валутна структура ....................10

3. Фискален сектор

Буџетски приходи .................... 11

Буџетски расходи ....................12

Буџетско салдо ....................13

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ ....................13

Плати ....................14

Пензии ....................15

5. Монетарен сектор

Примарни пари ....................16

Депозитен потенцијал ....................16

Кредити на банките ....................17

Каматни стапки на депозитни банки ....................17

Пазар на капитал .................... 18

Девизни резерви ....................18

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

декември, 2016 година

- Индустриското производство во декември 2016 година во споредба со декември 2015 година забележа раст од 3,5%;

- Потрошувачките цени во декември 2016 година се намалија за 0,2% во однос на декември 2015 година, по годишниот пад од, исто така, 0,2% во ноември 2016 година;

- Во 2016 година извозот забележа раст од 6,9%, а увозот за 5,7%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 3,0%, споредено со 2015 година;

- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - декември 2016 година изнесуваа 169.336 милион денари, што претставува поголемо остварување за 5,0% во однос на истиот период 2015 година. Вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 185.406 милиони денари, што е за 2,6% повеќе во однос истиот период минатата;

- Вкупните кредити на банките забележаа раст од 0,9% на годишна основа, а вкупниот депозитен потенцијал на банките раст од 5,7%.

## Индустриско производство

Индустриското производство во декември 2016 година забележа раст од 3,5% во споредба со декември 2015 година. Анализирано по сектори, раст е забележан во секторите Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 13,6% и Преработувачка индустрија од 2,1%, додека во секторот Рударство и вадење камен е забележан пад од 1,3%.




Најголем позитивен придонес во годишната промена на индустриското производство во декември 2016 година има гранката Производство на тутунски производи (2,5 процентни поени), а најголем негативен придонес има гранката Производство на прехранбени производи (-1,1 процентен поен).

На кумулативна основа, индустриското производство во 2016 година во однос на 2015 година забележа раст од 3,4%. Раст е забележан во секторот Преработувачка индустрија од 5,3%, додека пад има кај секторите Рударство и вадење камен од 7,8% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 1,4%.

Податоците за индустриското производство по наменски групи во декември 2016 година во однос на декември 2015 година покажуваат зголемување на производството кај групите: Трајни производи за широка потрошувачка од 18,9%, Енергија од 8,0%, Нетрајни производи за широка потрошувачка од 5,9% и Капитални производи од 2,4%. Намалување на производството е забележано единствено кај групата Интермедијарни производи, освен енергија од 5,4%.




На кумулативна основа, во 2016 година во однос на 2015 година раст е забележан кај групите Капитални производи од 27,1% и Трајни производи за широка потрошувачка од 25,4%. Пад е забележан кај групите: Енергија од 3,9%, Нетрајни производи за широка потрошувачка од 2,2% и Интермедијарни производи, освен енергија од 0,9%.

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата на годишно ниво во декември 2016 година забележа пад од 0,9%. Падот се должи на намалениот број работници во секторите Преработувачка индустрија од 1,1% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,5%. Во секторот Рударство и вадење камен е забележан раст од 1,8%.

На кумулативна основа, бројот на работници во индустријата во 2016 година во споредба со 2015 година е зголемен за 0,1%. Раст е забележан во секторите Рударство и вадење камен од 1,9% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,9%, додека бројот на работници во секторот Преработувачка индустрија бележи намалување за 0,1%.




Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во декември 2016 година во однос на истиот месец минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Трајни производи за широка потрошувачка од 7,0%, Капитални производи од 5,4%, Енергија од 1,0% и Интермедијарни производи, освен енергија од 0,5%. Пад е забележан единствено кај групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 3,7%.

На кумулативна основа, во 2016 година во однос на 2015 година раст на бројот на работници е забележан во групите: Капитални производи од 10,1%, Трајни производи за широка потрошувачка од 2,4%, Енергија од 2,0% и Интермедијарни производи, освен енергија од 1,8%. Намалување на бројот на работници е забележан во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 3,4%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во декември 2016 година е речиси на еднакво ниво како и во ноември 2016 година, а многу поповолна во однос на истиот месец претходната година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во декември изнесува 66,6%, што претставува зголемување во однос на претходниот месец, кога изнесувало 66,1%. Споредено со декември 2015 година, искористеноста на капацитетите е повисока за 2,1 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во декември 2016 година имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 22,8%, недостигот на квалификувана работна сила со 19,6%, недоволната домашна побарувачка со 19,3%, неизвесното економско окружување со 11,6%, финансиските проблеми со 8,2% и конкурентниот увоз со 6,1%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во декември во однос на ноември 2016 година е поповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се поповолни во однос на претходниот месец, додека залихите на готови производи се намалени во однос на претходниот месец.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во декември 2016 година издадени се 333 одобренија за градење, што претставува намалување од 0,9% споредено со истиот месец 2015 година. Во однос на ноември 2016 година, кога биле издадени 363 одобренија за градење, бројот на издадени одобренија за градење се намалил за 8,3%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во декември 2016 година бележи раст од 52,9% на годишно ниво. Споредено со претходниот месец, вредноста на објектите се зголемила за 23,3%. Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 199 (или 59,8%) се наменети за објекти од високоградба, 39 (или 11,7%) за објекти од нискоградба и 95 (или 28,5%) за објекти за реконструкција.




Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 333 издадени одобренија за градба, на 221 објект (или 66,4%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 112 објекти (или 33,6%) инвеститори се деловни субјекти.




Во декември 2016 година предвидена е изградба на 419 станови, со вкупна корисна површина од 41.887 $м^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на месечна основа е намален за 57,5%, а во однос на декември 2015 година за 54,4%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во декември 2016 година се намалија за 0,2% во однос на декември 2015 година, по годишниот пад од, исто така, 0,2% во ноември 2016 година. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари-декември 2016 година изнесува -0,2%.

Највисок годишен пад на цените во декември забележаа прехранбените производи од 1,8%, пред сѐ како резултат на намалените цени на овошјето (за 7,0%) и зеленчукот (за 5,8%).




Годишен пад на цените во декември е регистриран и во категориите: Домување, вода, електрика, гас и други горива и Рекреација и култура, од по 0,5%, Образование и Безалкохолни пијалаци, од по 0,2%, Здравје од 0,1% и Останати стоки и услуги од 2,0%.

Највисок годишен раст на цените е забележан во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 4,8%, следена со порастот на цените во категориите: Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 3,5%, Транспорт од 1,3%, Облека и обувки од 1,2%, Комуникации од 0,7% и Ресторани и хотели од 0,2%.




Потрошувачките цени во декември 2016 година се намалија за 0,1% во однос на претходниот месец. Пад на цените на месечна основа е регистриран во категориите: Храна и безалкохолни пијалаци и Здравје од по 0,4%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 0,2% и Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 0,1%.

Зголемување на цените е забележано во категориите: Рекреација и култура од 1,2%, Транспорт од 0,5%, Облека и обувки и Останати стоки и услуги, од по 0,2%.

Цените во категориите Ресторани и хотели, Комуникации, Домување, вода, електрика, гас и други горива и Образование, останаа непроменети.

Цените на мало во декември 2016 година во однос на истиот месец претходната година се зголемени за 0,1%, додека споредено со претходниот месец цените на

мало останаа непроменети. Цените на мало во периодот јануари-декември 2016 година се понискиза 0,2%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во декември 2016 година споредено со ноември 2016 година порасна за 16,4% и изнесуваше 54,1 долар за барел. На годишна основа, цената на нафтата се зголеми за 43,3%. Цената на природниот гас во декември во однос на претходниот месец бележи раст од 27,2%.




Што се однесува до металните производи, никелот како производ со високо учество во македонскиот извоз, во декември 2016 година се тргуваше со просечна цена од 10.972 долари за еден метрички тон ($/мт) и на месечна основа бележи пад на цената од 1,4%. Во споредба со декември 2015 година, цената на никелот се зголеми за 26,0%. Покрај никелот, месечно намалување на цената во декември забележа и алуминиумот од 0,5%, додека кај останатите основни метали се забележува месечно зголемување на цената. Така, цената на бакарот и цинкот се зголеми за 3,8%, на оловото за 1,3% и на калајот за 0,4%.




Во декември, благородните метали забележаа месечен пад на цените. Така, цената на златото се намали за 6,5%, на среброто за 5,6% и на платината за 3,8%.

Цената на пченицата на светските берзи во декември, споредено со претходниот месец се намали за 5,7%, а цената на пченката се зголеми за 0,4% на месечно ниво. Цената на јагнешкото месо во декември споредено со ноември 2016 година се зголеми за 1,7%.

# *НАДВОРЕШНО – ТРГОВСКА РАЗМЕНА*

Вкупната надворешно - трговска размена во 2016 година изнесува 10.436 милиони евра, што претставува раст од 6,2% во однос на 2015 година.




Во 2016 година најголемо учество во вкупната размена има размената на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28), кое изнесува 69,4%, што претставува зголемување од 1,1 п.п. во однос на 2015 година.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во 2016 година изнесува 4.329,3 милиони евра и бележи раст од 6,9% (278 милиони евра) во однос на 2015 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 7,9%.

Вредноста на извезените стоки во декември 2016 година изнесува 401,2 милиона евра и бележи раст од 23,2% (75,5 милиони евра) во однос на декември 2015 година, а физичкиот обем на извозот се зголемил за 39,8%.

Анализирано на месечно ниво, во декември 2016 година извозот бележи раст од 14,0% (49,2 милиона евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен раст од 15,1%.




Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во 2016 година се: хемиски материи и производи, облека, железо и челик, пијалаци и тутун, метална руда и отпадоци од метал и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 48,8% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации на земјите, во 2016 година споредено со 2015 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 28, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија и Заедница на независни држави, додека пад има кај групациите: ЕФТА, Организација на земјите - извознички на

нафта и нафтени деривати и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 10,6% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 5,8%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 79,9% и 12,4% соодветно.




## Увоз

Вредноста на увезените стоки во 2016 година изнесува 6.106,7 милиони евра и бележи раст од 5,7% (329,8 милиони евра) во однос на 2015 година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 2,7%.

Вредноста на увозот во декември 2016 година изнесува 592,6 милиони евра, што претставува раст од 10,4% (56 милиони евра) во однос на декември 2015 година, а увезените количини стоки се намалени за 4,9%.




Анализирано на месечно ниво, увозот во декември 2016 година бележи раст од 12,6% (66,5 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен раст од 7,0%.

Табела 1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XII - 2015 | I - XII - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 65,0 | 106,3 | 41,3 | 63,6 |
| Мил. ЕУР | 34,3 | 39,1 | 4,9 | 14,3 |
| Мил.$ | 38,0 | 43,2 | 5,3 | 13,8 |

*)Претходни податоци

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XII - 2015 | I - XII - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 927,6 | 1.042,3 | 114,7 | 12,4 |
| Мил. ЕУР | 411,7 | 379,0 | -32,7 | -7,9 |
| Мил.$ | 456,5 | 418,8 | -37,7 | -8,3 |

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XII - 2015 | I - XII - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 15,5 | 16,5 | 0,9 | 5,9 |
| Мил. ЕУР | 779,2 | 883,4 | 104,3 | 13,4 |
| Мил.$ | 863,3 | 977,3 | 114,0 | 13,2 |

*)Претходни податоци

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XII - 2015 | I - XII - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 31,2 | 30,8 | -0,4 | -1,2 |
| Мил. ЕУР | 126,9 | 163,0 | 36,2 | 28,5 |
| Мил.$ | 140,4 | 180,7 | 40,3 | 28,7 |

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XII - 2015 | I - XII - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 584,2 | 655,5 | 71,3 | 12,2 |
| Мил. ЕУР | 518,0 | 411,9 | -106,1 | -20,5 |
| Мил.$ | 573,4 | 455,2 | -118,2 | -20,6 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XII - 2015 | I - XII - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 646,1 | 788,0 | 141,9 | 22,0 |
| Мил. ЕУР | 292,5 | 316,9 | 24,4 | 8,3 |
| Мил.$ | 323,5 | 350,6 | 27,1 | 8,4 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во 2016 година, трговскиот дефицит се зголеми за 3,0% односно 51,8 милиони евра споредено со 2015 година.




Во декември 2016 година трговскиот дефицит се намали за 9,2% односно 19,4 милиони евра споредено со декември 2015 година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат на комбиниран ефект од: проширувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки, стоки за инвестиции без транспортна опрема и стоки за широка потрошувачка, додека во спротивна насока дејствуваше стеснувањето на негативното салдо во размената со горива и мазива, транспортна опрема и храна и пијалаци.

Во 2016 година 84,8% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина, Грција и Србија, а потоа следуваат: Турција, Италија, Јужна Африка, САД, Унгарија, Русија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Шпанија и БиХ.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 86,5% од трговската размена во 2016 година е реализирана во евра, што во однос на 2015 година претставува зголемување од 4,3 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 92,8% и 82,1%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е зголемена за 4,4 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 4,2 п.п. во однос на 2015 година.

| Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути); пресметки на МФ | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| увоз | I - XII - 2015 | | | | | I - XII - 2016 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 3.518,5 | 4.502.701.486 | 61,6098 | 277.410.537.992 | 77,9 | 4.456,5 | 5.013.182.031 | 61,5950 | 308.786.947.193 | 82,1 | 510.480.545 | 11,3 |
| УСД | 2.610,8 | 1.330.555.659 | 55,4968 | 73.841.581.280 | 20,7 | 1.503,1 | 1.144.480.434 | 55,6860 | 63.731.537.473 | 16,9 | -186.075.224 | -14,0 |
| ГБП | 6,7 | 21.261.113 | 84,8680 | 1.804.388.097 | 0,5 | 5,9 | 21.338.578 | 75,4811 | 1.610.659.328 | 0,4 | 77.465 | 0,4 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 6.135,9 | | | 353.056.507.369 | 98,7 | 5.965,5 | | | 374.129.143.994 | 99,5 | | |
| вк извоз: | 6.148,0 | | | 355.947.710.674 | 100,0 | 5.979,7 | | | 376.130.328.145 | 100,0 | | 5,7 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - декември 2016 година изнесуваа 169.336 милиони денари, односно 29,2% од БДП, што претставува поголемо остварување за 5,0% во однос на истиот дванаесетмесечен период од 2015 година.




Даночните приходи во периодот јануари - декември се реализирани во износ од 98.457 милиони денари, односно 17,0% од БДП и во однос на истиот период 2015 година се зголемени за 7,8%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 45.949 милиони денари и забележа зголемување од 10,2% во однос на истиот период од 2015 година, при што учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во овој период е доминантно и изнесува 46,7%. Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ при увоз кој забележува поголемо остварување за 6,5%, ДДВ од прометот во земјата пак забележува зголемување од 7,0%, додека ДДВ од донации, чие учество е незначително, забележува помало остварување за 92,7%. Акцизите се остварени во износ од 22.215 милиони денари (учество од 22,6% во даночните приходи) и забележаа поголемо остварување од 12,3% во однос на истиот период минатата година. Учеството на овие два индиректни данока изнесува 2/3, односно претставува 69,2% од вкупните даночни приходи.

Приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 14.205 милиони денари и забележуваат раст од 10,0% за периодот јануари – декември 2016 година, при што речиси 2/3, односно 66,1% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 7,2% од приходи од капитал, 7,0% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 6,6% од приходи по основ на договор на дело, 3,5% од приходи од имот и имотни права и 2,0% од приходи од земјоделство и шумарство. Приходите од данокот од добивка во 2016 година изнесуваа 10.768 милиони денари и забележаа намалување од 10,4% во однос на истиот период претходната година.

Приходите од царина беа остварени во износ од 4.761 милиони денари забележаа зголемување од 10,0%.

Приходите од други даноци со остварен износ од 559 милиони денари и забележаа помало остварување за 9,3% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 50.300 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 5,0% споредено со истиот период од 2015

година, при што наплатата кај придонесите за пензиско осигурување е повисока за 5,0%, кај придонесите за здравствено осигурување за 5,1% и кај придонесите за вработување за 5,4%.

Неданочните приходи беа остварени во износ од 12.967 милион денари и во однос на истиот дванаесетмесечен период во 2015 година забележаа поголемо остварување за 0,8% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди се остварија во износ од 1.977 милиони денари, што претставува помало остварување за 12,7% во однос на истиот период претходната година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 3.648 милиони денари, односно се реализираа за 22,9% помалку во однос на истиот период лани.

## Буџетски расходи

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари - декември 2016 година изнесуваа 185.406 милиони денари, односно 32,0% од БДП, што е за 2,6% повеќе во однос на истиот период 2015 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 168.432 милиона денари учествуваа со 90,8% и се зголемени за 4,0% во однос на истиот период 2015 година.

Средствата за плати и надоместоци беа реализирани во износ од 25.958 милиони денари и нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 14,0% и во однос на 2015 година се зголемени за 5,2%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 16.761 милион денари и споредено со истиот период минатата година забележаа намалување од 7,3%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите што изнесуваа 118.903 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа зголемување од 5,5% споредено со истиот период во 2015 година и истите учествуваа со 64,1% во вкупните расходи.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 89.005 милиони денари, забележаа раст од 7,4% и учествуваа со 48,0% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 54.622 милиона денари, се зголемија за 8,6% споредено со истиот дванаесетмесечен период од 2015 година и учествуваат со 29,5% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 15,3%, односно забележаа зголемување од 0,5% споредено со истиот период 2015 година. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 14.722 милиона денари забележаа зголемување од 1,2%, во споредба со

истиот период претходната година. Субвенциите и трансферите со учество од 6,3% во вкупните расходи беа остварени за 1,5% помалку.

Каматните расходи изнесуваат 6.810 милиони денари, што е зголемување од 5,5% во споредба со истиот период 2015 година. Расходите за камати од домашно задолжување беа намалени за 3,6%, додека каматите од странско задолжување беа зголемени за 11,9% во споредба со истиот период лани.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи беа реализирани во износ од 16.974 милиони денари со структурно учество од 9,2% во вкупните расходи (2,9% учество во БДП), односно забележаа помала реализација за 9,1% во споредба со истиот период од 2015 година.

### Буџетско салдо

Во периодот јануари – декември 2016 година, во Буџетот на Република Македонија е остварен дефицит од 16.070 милиони денари, што претставува 2,8% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 14.056 милиони денари што претставува 2,4% од БДП.

## *СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

### Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ

Во периодот јануари – декември 2016 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 184.877 нови засновани работни односи. Вкупниот број новоработени во овој период е понизок за 2,6% во однос на истиот период од 2015 година.




Од вкупниот број новоработени, 45,9% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во декември 2016 година 17,2% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица изнесува 200.774, од кои 104.523 се активни баратели на работа, а 96.251 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е намален за 4,7%.

Најголем дел од невработените лица (67,2%) се градско население, а според




половата структура 58,5% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 55,6% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 29,8% се со завршено средно образование, додека 14,7% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

По возрасни групи, најголемиот дел или 53,9% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 54,1% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 9,8% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во ноември 2016 година оствари годишен раст од 1,8%, а во однос на претходниот месец е пониска за 0,4%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Рударство и вадење камен (10,5%), Уметност, забава и рекреација (8,0%) и Градежништво (7,3%). Реалните плати во ноември забележаа годишен раст од 2,0%.




Просечната номинална бруто-плата во ноември 2016 година оствари годишен раст од 1,9%, а во однос на претходниот месец е пониска за 0,4%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Рударство и вадење камен (10,6%), Градежништво (8,0%) и Уметност, забава и



рекреација (7,7%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 2,1%.

Процентот на вработени што не примиле плата во ноември 2016 година изнесува 1,4% и е за 0,2 п.п. повисок во однос на истиот месец претходната година, а за 0,3 п.п. повисок во однос на октомври 2016 година.

## Пензии

Во декември 2016 година во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување евидентирани се 305.766 пензионери, што претставува зголемување од 1,4% во однос на истиот период минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е поголем за 1.739 лица. Од вкупниот број пензионери, 62,3% се корисници на старосна пензија, 25,1% се корисници на семејна пензија и 12,5% се корисници на инвалидска пензија.

Просечната пензија во декември 2016 година изнесува 13.727 денари и е за 5,0% повисока во однос на истиот месец минатата година. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во ноември 2016 година (последни расположливи податоци) изнесува 61,3%.




Просечната старосна пензија во декември изнесува 15.062 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 12.449 денари, а просечната семејна пензија 11.052 денари. За исплата на пензиите во декември 2016 година се потрошени 4.118,70 милиони денари, што претставува 53,5% од вкупните социјални трансфери.

# *МОНЕТАРЕН СЕКТОР*

Во декември 2016 година, Народна банка на Република Македонија ја намали основната каматна стапка за 0,25 п.п, од 4,0% на 3,75%, што се должи на стабилизирањето на очекувањата на економските субјекти и на значително повисоката структурна ликвидност на банкарскиот сектор, како и на поволните движења на девизниот пазар, благодарение на интервенирањето на НБРМ со откуп на девизи, шести месец последователно.

Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,5%.

## Примарни пари

Во декември 2016 година, примарните пари[1] регистрираа раст од 7,1% на годишна основа, во услови на раст на готовите пари во оптек и вкупните ликвидни средства на банките од 7,8% и 6,3%, соодветно.




На месечно ниво, примарните пари регистрираа раст од 5,8%, при раст на готовите пари во оптек од 9,5%, а вкупните ликвидни средства на банките се зголемија за 1,9%.

## Депозитен потенцијал

Во декември 2016 година, вкупните депозити на банките регистрираа раст од 4% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија се зголемија за 9,7%, а депозитите на домаќинствата регистрираа раст од 2,4%.

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (декември 2016 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **321888** | **4,0%** | **5,7%** |
| Денари | *189440* | 5,5% | 4,1% |
| Странска валута | *132448* | 2,0% | 8,0% |
| Краткорочни | *154135* | 3,0% | 3,9% |
| Долгорочни | *85739* | 0,9% | 5,4% |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **282461** | **2,9%** | **0,9%** |
| Денари | *232336* | *3,0%* | 4,0% |
| Странска валута | *50125* | 2,1% | 11,4% |
| Краткорочни | *64762* | 7,0% | -1,0% |
| Долгорочни | *198036* | 2.5% | 8,8% |
| Сомнителни и спорни побарувања | *18190* | -5,9% | -38,8% |

Извор: НБРМ

Од аспект на валутата, во декември 2016 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна и во странска валута се зголемија за 5,5% и 2,0%, соодветно.

Вкупниот депозитен потенцијал во декември 2016 година оствари раст од 5,7% на годишна основа. Анализирано според валутата депозитите во домашна и во странска валута забележаа раст од 4,1% и 8,0%, соодветно.

[1]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

Од аспект на секторот, депозитите на домаќинствата овој месец бележат раст од 2,5% на годишно ниво, додека депозитите на претпријатијата се зголемија за 13,4%.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 3,9%, а долгорочните депозити регистрираа зголемување од 5,4%.

Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна, при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база кое изнесува 58,9%.




## Кредити на банките

Во декември 2016 година вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 2,9% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека во декември кредитите кон претпријатијата се зголемија за 4,5%, а кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 0,6%. Од аспект на валутата, во декември 2016 година, денарските и девизните кредити регистрираа раст на месечно ниво од 3,0% и 2,1%, соодветно.

На годишна основа, во декември 2016 година вкупните кредити се зголемија за 0,9%, во услови на пад на кредитите кон претпријатијата од 4,0% и раст на кредитите кон домаќинствата од 7,0%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 4,0%, додека кредитите во странска валута регистрираа пад од 11,4%.

Од аспект на рочноста, пак, долгорочните кредити бележат годишен раст од 8,8%, а краткорочните кредити се намалија за 1,0%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во декември 2016 година, вкупната каматна стапка на кредитите изнесува 6,2% и е непроменета во споредба со претходниот месец. Каматните стапки на денарските и девизните кредити се намалија за по 0,1 п.п. на месечно ниво и изнесуваат 6,4% и 5,2%, соодветно.




Вкупната каматна стапка на депозитите во декември изнесува 1,8% и е непроменета во однос на минатиот месец. Каматните стапки на денарските и девизните депозити се исто така непроменети на месечно ниво и изнесуваат 2,5% и 1,0%, соодветно.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во декември 2016 година вкупниот промет на берзата регистрираше пад од 29,5% на месечно ниво, како резултат на намалувањето на прометот од класичното тргување за 33,4%, додека прометот од блок трансакциите регистрира зголемување од 15,3%.




Вкупниот промет на берзата во декември 2016 година изнесуваше 310 милиони денари што претставува намалување за 16,6% на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 во декември 2016 година изнесуваше 2.134,91 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е намален за 3,3%, додека во однос на истиот месец претходната година индексот е повисок за 16,5%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на декември 2016 година изнесуваа 2.613,4 милиони евра и во однос на претходниот месец се зголемени за 62,1 милион евра, додека во однос на декември 2015 година се зголемени за 351,7 милиони евра.

Министерство за финансии

Сектор за макроекономска политика

„Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје

www.finance.gov.mk